**Известување за концентрација со која од РВА Интернешнал Холдинг ГмбХ, Австрија ќе стекне самостојна контрола над АИСЛЕ 40 д.о.о. Хрватска**

**(предмет бр. 08-155 од 2023 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 24.10.2023 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на РВА Интернешнал Холдинг ГмбХ со регистрирано седиште на Рајфајзенштрасе 1, 2100 Корнебург, Австрија над АИСЛЕ 40 д.о.о**.** со регистрирано седиште на Радничка улица 80, Загреб, Хрватска.

**-РВА Интернешнал Холдинг ГмбХ** е 100% зависно друштво на РВА Рајфајзен Варе Австрија Акциенгезелшафт. РВА Рајфајзен Варе Австрија Акциенгезелшафт (како индиректен стекнувач) има регистрирано седиште на Рајфајзенштрасе 1, 2100 Корнебург, Австрија. Владејачки друштва на РВА АГ се:

- 50% од акциите во РВА АГ ги поседува РВА Рајфајзен Варе Австрија Хандел унд Фермугенсвервалтунг еГен (RWA Raiffeisen Ware Austria Handel und Vermögensverwaltung eGen), Виена („**РВА Ген**“);
- 47,53% од акциите во РВА АГ ги поседува БејВа АГ (BayWa AG; „**БејВа**“), а останатите акции се поседувани индиректно од БејВа преку Унсер Лагерхаус Варенханделсгезелшафт м.б.Х. (“Unser Lagerhaus” Warenhandelsgesellschaft m.b.H.) (2,47% од акциите во РВА АГ).

РВА Ген е земјоделска задруга која делува како холдинг друштво, не е самата активна економски и оттука нема или има занемарливи продажби. РВА Ген има околу 90 членови на задругата, секој од нив поседува неколку проценти (мнозинството помеѓу 2 и 4%) во РВА Ген. Дополнително, ОО. Лагерхаус Бетеилигунгс ОГ (OÖ. Lagerhaus Beteiligungs OG), во кое споени се неколку удели од Апер Аустриан верхаус кооперативс (*Upper Austrian warehouse cooperatives*), поседува вкупно 26,87% од РВА Ген. Има исто така и поединци и други поединечни содружници. Ниту еден од членовите на задругата нема самостојна или заедничка контрола во РВА Ген.

РВА АГ или РВА Групата е конгломерат на (прехранбени) друштва кои се бават со производство, трговија и услуги, кој е воглавно активен со продажба на големо во области на купопродажба во земјоделскиот сектор на земјоделски производи, стоки (пр. семиња, пестици, ѓубрива, добиточна храна), потрошувачки стоки (особено градежни материјали и производи за домот и градина), енергија како и земјоделска технологија и резервни делови. Дополнително, има систем на франшиза во областа на земјоделска технологија, како и за градежни материјали и пазарот за домови и градина (DIY).

РВА Групата нема регистрирани зависни друштво во Северна Македонија.

БејВа Групата е активна на светско ниво во полето на енергија, земјоделство и градежништво.

РВА и БејВа имаат остварено приходи во Северна Македонија во претходната година преку продажба на концентрирана добиточна храна, додатоци на добиточна храна, храна за риби, агро стоки, семиња и житарици за сеење, енергија (претежно БејВа Групата), миење, лагер и

дезинсекција, технички производи, и други минимални продажби (стоки од тргување како метионин, треонин, лизин).

Единствен содружник на АИСЛЕ 40 е Фортенова Група д.д. (Fortenova Grupa d.d.), акционерско друштво организирано и постоечко согласно законите на Република Хрватска, со седиште на ул. Маријана Чавиќа 1, Загреб, Хрватска.

Пред комплетирањето на предложената трансакција, друштвото БЕЛЈЕ плус д.о.о. (BELJE plus d.o.o.), друштво со ограничена одговорност кое е основано и работи согласно законите на Република Хрватска, со регистрирано седиште на Св. Ивана Крститеља 1а, Дарда, Хрватска (чиј единствен содружник е Фортенова Група) ќе го пренесе на АИСЛЕ 40 силосот, складиштето, фабриката за концентрирана добиточна храна и помошна инфраструктура лоцирани на производствената локација во Иваниќ-Град, Хрватска

**-АИСЛЕ 40** е холдинг друштво. Целните објекти претставуваат локација за производство на добиточна храна и земјоделство во Иваниќ-Град, Хрватска. Производството се состои од 80.000 тони годишно и складиште со капацитет од 33.000 тони, од кои силосот има 15.000 тони, а рамната површина на складиштето е 18.000 тони. Складиштето е помошен објект на производствената локација. Целното друштво – АИСЛЕ 40, како и Целните друштва немаат остварено приходи во Северна Македонија во 2022 година.

Подносителот смета дека релевантниот пазар на стоки за предметната концентрација би можел да се дефинира како пазар за производство и продажба на концентрирана добиточна храна со исклучок на храна за риби и храна за домашни миленици.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

26.10.2023 година

Скопје